**20260540907**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 31/20, 16/25 и 156/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/26), во член 1 во ставот 2 износот „150.000.000“ се заменува со износот „120.000.000“, зборовите „сметка 631 и 36.000.000 денари’’ се заменуваат со зборовите „сметка 631, 65.000.000 денари“, а точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „и 1.000.000 денари кои се предвидени во ставка 480-Купување на опрема и машини.“.

Член 2

Во член 2 точка а) во воведната реченица износот „23.200.000“ се заменува со износот „31.200.000“.

Во потточката 1 износот „15.000.000“ се заменува со износот „21.000.000“.

По потточката 4 се додава нова потточка 4 а), која гласи:

„4 а) Опремување на Информативен центар за туризам во Скопје – внатрешно уредување на веќе постоечки простор со канцелариска опрема со цел професионално презентирање на најзначајните културни, историски и други знаменитости во Република Северна Македонија. 1.000.000 денари; “

Потточката 5 се менува и гласи:

„Дизајн, редизајн и печатење на промотивен материјал (брошури, водичи, регионални и национални туристички мапи во хартиена и електронска форма), како и набавка на ситен промотивен материјал за потребите на владини институции и туристичкиот сектор, а со цел промоција на туристички региони, дестинации и конкретни туристички производи. 3.000.000 денари; “

Во потточката 6 износот „200.000“ се заменува со износот „700.000“.

Во точката б) во воведната реченица износот „12.800.000“ се заменува со износот „34.800.000“.

Во потточката 1 по зборовите „развивање на паметна мобилна апликација“ се додаваат зборовите „изработка на веб страна и креативни решенија” (визуелно лого, слоган и комуникациски пораки, пиктограми и иконографија, маркетинг и комуникациска стратегија за цела кампања и др.), а износот „3.100.000“ се заменува со износот „26.100.000“.

Потточката 3 се брише.

Потточките 4 и 5 стануваат потточки 3 и 4.

Во потточката 6 која станува потточка 5 износот „200.000“ се заменува со износот „1.200.000“.

Во точката в) во воведната реченица износот „150.000.000“ се заменува со износот „120.000.000“.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2244/10
10 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.